**УНИВЕРЗИТЕТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ” - БИТОЛА**

# К О Н К У Р С

**ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА**
**НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА**
**УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА**
**ВО АКАДЕМСКАТА 2020/2021 ГОДИНА**

Битола, 2020 година

Врз основа на член 103 точка 2, во врска со членовите 126, 127, 128, 134 став 2, 149, 150 и 151 од Законот за високото образование, Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр.76 од 24.03.2020), Уредбата со законска сила за изменување и дополнување на Уредбата со законска сила за примена на Законот за високото образование за време на вонредна состојба („Службен весник на РСМ“ бр.116 од 05.05.2020), Одлуките на Ректорската управа на Универзитетот бр.14-258/4 од 26.02.2020 година и бр. 14-519/3 од 23.06.2020 година и Одлуката на Владата на Република Северна Македонија за бројот на студенти за запишување во прва година - прв циклус студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2020/2021 година, бр.44-4740/1 од 05.06.2020 година („Службен весник на РСМ“ бр. 162/2020 година), Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, објавува

# К О Н К У Р С
# ЗА ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ВО ПРВА ГОДИНА НА ПРВ ЦИКЛУС СТУДИИ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ - БИТОЛА ВО АКАДЕМСКАТА 2020/2021 ГОДИНА

## I. БРОЈ НА СТУДЕНТИ

На единиците на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, во прва година на прв циклус студии во академската 2020/2021 година, ќе се запише следниов број студенти:

| Единици | Редовни во државна квота | Износ на партиципација (ЕУР-годишно) | Редовни со школарина за студирање | Износ на школарината (ЕУР-годишно) | Вонредни | Износ на школарината за вонредни (ЕУР-годишно) | Вкупен број на студенти |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА** | **315** | **200** | **45** | **400** | **60** | **400** | **420** |
| АКАДЕМСКИ СТУДИИ (ОСУМ СЕМЕСТРИ) | | | | | | | |
| Машинство | 60 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | 75 |
| Индустриско инженерство и менаџмент | 40 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 50 |
| Сообраќајно-транспортно инженерство | 50 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 60 |
| Сообраќајно-транспортни системи и технологии | 15 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 25 |
| Графичко инженерство и дизајн | 40 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 50 |
| Електроенергетски системи | 60 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | 75 |
| Мехатроника | 25 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 45 |
| Инженерство за заштита на животната и работна средина | 25 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ И КОМУНИКАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ – БИТОЛА** | **250** | **200** | **80** | **400** | **40** | **400** | **370** |
| АКАДЕМСКИ СТУДИИ (ОСУМ СЕМЕСТРИ) | | | | | | | |
| Информатички науки и комуникациско инженерство | 200 | 200 | 60 | 400 | 30 | 400 | 290 |
| АКАДЕМСКИ СТУДИИ | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| ТРИГОДИШНИ (ШЕСТ СЕМЕСТРИ) | | | | | | | |
| Информатика и компјутерска техника | 50 | 200 | 20 | 400 | 10 | 400 | 80 |
| **ТЕХНОЛОШКО-ТЕХНИЧКИ ФАКУЛТЕТ – ВЕЛЕС** | **60** | **100/200** | | | **15** | **400** | **75** |
| АКАДЕМСКИ СТУДИИ (ОСУМ СЕМЕСТРИ) | | | | | | | |
| Прехранбена технологија и биотехнологија – Велес | 20 | 200 | | | 5 | 400 | 25 |
| Нутриционизам – Велес | 20 | 200 | | | 5 | 400 | 25 |
| Нутриционизам – Битола | 20 | 100 | | | 5 | 400 | 25 |
| **ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ - ПРИЛЕП** | **200** | **200** | **30** | **400** | **18** | **400** | **248** |
| АКАДЕМСКИ СТУДИИ (ОСУМ СЕМЕСТРИ) | | | | | | | |
| Менаџмент | 25 | 200 | 5 | 400 | 3 | 400 | 33 |
| Меѓународен бизнис | 25 | 200 | 5 | 400 | 3 | 400 | 33 |
| Маркетинг менаџмент | 25 | 200 | 5 | 400 | 3 | 400 | 33 |
| Сметководство и ревизија | 50 | 200 | 5 | 400 | 3 | 400 | 58 |
| Банкарство и финансии | 50 | 200 | 5 | 400 | 3 | 400 | 58 |
| Е-бизнис | 25 | 200 | 5 | 400 | 3 | 400 | 33 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА ТУРИЗАМ И УГОСТИТЕЛСТВО – ОХРИД** | **160** | **200** | **100** | **400** | **64** | **400** | **324** |
| АКАДЕМСКИ СТУДИИ (ОСУМ СЕМЕСТРИ) | | | | | | | |
| Туризам | 32 | 200 | 24 | 400 | 20 | 400 | 76 |
| Осигурување | 28 | 200 | 20 | 400 | 8 | 400 | 56 |
| Царина и шпедиција | 28 | 200 | 20 | 400 | 8 | 400 | 56 |
| Менаџмент во услужен сектор<br>Профили: Финансиски менаџмент; Промотивен менаџмент; Менаџмент во култура; Логистички менаџмент | 24 | 200 | 16 | 400 | 8 | 400 | 48 |
| Гастрономија | 16 | 200 | 4 | 400 | 4 | 400 | 24 |
| Хотелско-ресторански менаџмент | 16 | 200 | 8 | 400 | 8 | 400 | 32 |
| СТУДИСКА ПРОГРАМА НА АНГЛИСКИ ЈАЗИК | | | | | | | |
| Туризам | 8 | 200 | 4 | 400 | 4 | 400 | 16 |
| Царина и шпедиција | 8 | 200 | 4 | 400 | 4 | 400 | 16 |
| **ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ – БИТОЛА** | **50** | **200** | **100** | **400** | **65** | **400** | **215** |
| АКАДЕМСКИ СТУДИИ (ОСУМ СЕМЕСТРИ) | | | | | | | |
| Наставник за одделенска настава | 15 | 200 | 15 | 400 | 15 | 400 | 45 |
| Воспитувач | 10 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 30 |
| Информатика и техничко образование (заедничка студиска програма со Технички факултет – Битола) | 5 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 15 |
| Англиски јазик и книжевност | | | 50 | 400 | 15 | 400 | 65 |
| Македонски јазик и книжевност | 10 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 30 |
| Социјална и рехабилитациска педагогија | 10 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 30 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ – СКОПЈЕ** | **90** | **200** | **200** | **400** | **60** | **400** | **350** |
| АКАДЕМСКИ СТУДИИ (ОСУМ СЕМЕСТРИ) | | | | | | | |
| Криминалистика | 40 | 200 | 100 | 400 | 30 | 400 | 170 |
| Безбедност | 20 | 200 | 40 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| Безбедност и евроатлантски интеграции | 10 | 200 | 20 | 400 | 10 | 400 | 40 |
| Криминологија и криминална политика | 20 | 200 | 40 | 400 | 10 | 400 | 70 |
| **ПРАВЕН ФАКУЛТЕТ – КИЧЕВО** | **105** | **100/200** | **95** | **400** | **20** | **400** | **220** |
| АКАДЕМСКИ СТУДИИ (ОСУМ СЕМЕСТРИ) | | | | | | | |
| Правни студии – Кичево | 35 | 200 | 30 | 400 | 10 | 400 | 75 |
| Правни студии – Битола | 70 | 100 | 65 | 400 | 10 | 400 | 145 |
| **ФАКУЛТЕТ ЗА БИОТЕХНИЧКИ НАУКИ – БИТОЛА** | **105** | **200** | **20** | **400** | **25** | **400** | **150** |
| АКАДЕМСКИ СТУДИИ (ОСУМ СЕМЕСТРИ) | | | | | | | |
| Квалитет и безбедност на храна | 40 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 50 |
| Технологија на анимални производи | 25 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 35 |
| Менаџмент во анимално производство | 20 | 200 | 5 | 400 | 5 | 400 | 30 |
| Зоотехника | 20 | 200 | 5 | 400 | 10 | 400 | 35 |
| **ВЕТЕРИНАРЕН ФАКУЛТЕТ –** | **30** | **200** | **15** | **400** | | | **45** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **БИТОЛА** | | | | | | | |
| ИНТЕГРИРАНИ АКАДЕМСКИ СТУДИИ (ПРВ И ВТОР ЦИКЛУС) (ДЕСЕТ СЕМЕСТРИ) | | | | | | | |
| Ветеринарна медицина | 30 | 200 | 15 | 400 | | | 45 |
| **ВИСОКА МЕДИЦИНСКА ШКОЛА – БИТОЛА** | **85** | **200** | **105** | **400** | **90** | **400** | **280** |
| СТРУЧНИ СТУДИИ (ШЕСТ СЕМЕСТРИ) | | | | | | | |
| Општа медицинска сестра | 20 | 200 | 25 | 400 | 25 | 400 | 70 |
| Медицинско-лабораториски аналитичар | 10 | 200 | 10 | 400 | 10 | 400 | 30 |
| Физиотерапевти | 20 | 200 | 20 | 400 | 15 | 400 | 55 |
| Радиолошки технолози | 10 | 200 | 15 | 400 | 10 | 400 | 35 |
| Акушерки | 10 | 200 | 20 | 400 | 15 | 400 | 45 |
| Санитарен инженер | 15 | 200 | 15 | 400 | 15 | 400 | 45 |
| **УНИВЕРЗИТЕТ ВКУПНО:** | **1450** | | **790** | | **457** | | **2697** |

## II. КРИТЕРИУМИ И УСЛОВИ ЗА ЗАПИШУВАЊЕ

**1.** Право на запишување на прв циклус(додипломски студии) на единиците имаат:

- **Кандидати со завршено четиригодишно средно образование во учебната 2019/2020 година**
- **Кандидати кои положиле државна или меѓународна матура**
- Кандидати со **завршено четиригодишно средно образование во претходните учебни години (пред учебната 2007/2008 година)** кои не полагале државна матура.
- **Кандидати што имаат завршено високо или вишо образование на сродни факултети и виши школи и кандидати кои паралелно студираат сродни факултети, студиски групи или насоки.**

  Овие кандидати се запишуваат со школарина на студиите како редовни или вонредни студенти надвор од вкупната квота според успехот од завршеното претходно образование.

  Сродноста на завршеното високо или вишо образование, како и сродноста на факултетите, студиските групи или насоки за кандидатите кои сакаат паралелно да студираат две студиски програми, ја утврдуваат и објавуваат единиците на Универзитетот.
- **Кандидати кои целосно или делумно завршиле средно четиригодишно образование во странство.**

**2.** На прв циклус (додипломски студии) кандидатите се запишуваат како редовни студенти финансирани од државата со партиципација на трошоците за студирање и редовни студенти со школарина на студиите.

Кандидатите може да се запишуваат и како вонредни студенти со школарина на трошоците за студирање, доколку тоа го овозможува природата на студиската програма.

Единиците на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола нема да наплаќаат партиципација за:

- лица без родители помлади од 26 годишна возраст, доколку се невработени;
- лица со инвалидност во согласност со уредбата која ја донесува Владата;
- воени инвалиди;
- лица растени во домови за напуштени деца доколку се невработении

- други лица утврдени со уредбата на Владата.

Лицата од став 1 алинеа 1 и 4 при конкурирањето треба да достават и документ од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија дека се невработени.
Средствата за партиципацијана овие лица ќе се покриваат од Буџетот на Република Северна Македонија.

**3.** Доколку кандидатите не се примени во државната или квотата за школарина на студиската програма на којашто конкурирале, тие можат во истиот уписен рок да се запишат на друга студиска програма на која има слободни места по нивен избор во рамките на истата високообразовна единица.

**4. Основен критериум** за селекција на кандидатите за запишување на прв циклус (додипломски студии) е **успехот постигнат во средното образование**. Вреднувањето на успехот на кандидатите се изразува во поени.

**4.1. За кандидатите кои го завршиле четиригодишното средно образование во учебната 2019/2020 година, како и за кандидатите кои го завршиле четиригодишното средно образование во претходните учебни години (пред учебната 2007/2008 година)** и не полагале државна матура, **основен услов и критериум за запишување** е општиот среден успех и успехот од 4 предмети: мајчин јазик и странски јазик и 2 предмети определени од единиците како битни за студирањето на таа високообразовна единица. Во вкупниот број поени, средниот успех од средното образование учествува со **60** поени, а средниот успех од **2** предмети битни за студирањето на високообразовната единица и средниот успех од предметите мајчин и странски јазик учествува со **40** поени.

Средниот успех од средното образование се вреднува со собирање на сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценки и вака добиениот среден успех се множи со **12.** По оваа основа можат да се добијат најмногу **60** поени.
Вреднувањето на успехот од четирите предмети (два предмети битни за студирањето на високообразовната установа и предметите мајчин јазик и странски јазик) се врши на следниов начин:

- се пресметува средна оценка за секој од четирите предмети и добиените средни оценки за секој предмет поодделно се множат со 2. Овие производи сесобираат при што, по оваа основа, за секој предмет може да се добијат најмногу10 поени, односно вкупно најмногу **40 поени.**

Двата предмети битни за студирањето претходно ги утврдува секоја високообразовна единица и ги објавува на огласна табла.

**4.2. За кандидатите кои го завршиле четиригодишното средно образование и положиле државна матура во учебната 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 или 2018/2019 година**

**Бодирањето на предметите се врши во согласност со Прилог I.**

Општиот успех по сите предмети во средното образование учествува со **60%**, а успехот постигнат на државната матура со **40%** од вкупниот број на поени, којшто може да изнесува најмногу **100** поени.

**Бодирањето на успехот од средното образование** се врши така што се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години,

добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со 12. По оваа основа можат да се добијат најмногу 60 поени.

**Бодирањето на успехот постигнат на државната матура** се врши на следниов начин: екстерните предмети во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање ќе се бодираат најмногу со по **10** поени, интерниот предмет во зависност од постигнатиот успех при полагањето најмногу со **6** поени, а проектната задача во зависност од постигнатиот успех најмногу со **4** поени. Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40** поени (**30** поени од трите екстерни предмети, **6** поени од интерниот предмет и **4** поени од проектната задача).
**Бодирањето на екстерните предмети** се врши само на оние екстерни предмети што се наоѓаат на Листата на екстерни предмети, објавени во Прилог I кон Конкурсот. Пресметувањето на поените од положените екстерни предмети се врши така што оценките од екстерните предмети се собираат со вредноста на перцентилниот ранг поделен со 20. Добиените поени од трите екстерни предмети се собираат и по оваа основа може да се добијат најмногу 30 поени.
**Бодирањето на интерниот предмет** се врши така што оценката што ученикот ја добил за полагање на интерниот предмет се множи со коефициент 1,2 при што може да се освои најмногу 6 поени. Интерниот предмет се бодира само доколку е на Листата на интерни предмети, објавена во Прилог I кон Конкурсот. Доколку ученикот има полагано повеќе интерни предмети, тогаш се пресметуваат поени за оној интерен предмет што се наоѓа на листата и за којшто ученикот добил највисока оценка.
Оценката што ја добил ученикот за **проектната задача** се множи со коефициент 0,8 и за неа може да се добијат најмногу 4 поени.

### 4.3. За кандидатите што положиле државна матура пред учебната 2013/2014 година

**Бодирањето на предметите се врши во согласност со Прилог II.**

Општиот успех по сите предмети во средното образование учествува со **60%**, а успехот постигнат на државната матура со **40%** од вкупниот број на поени, којшто може да изнесува најмногу **100** поени.
**Бодирањето на успехот од средното образование** се врши така што се собираат сите оценки што се внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со **12**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **60** поени.

**Бодирањето на успехот постигнат на државната матура** се врши на следниов начин: екстерните предмети во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање ќе се бодираат најмногу со по **10** поени, интерните предмети во зависност од постигнатиот успех при нивното полагање најмногу со **8** поени, а проектната задача во зависност од постигнатиот успех најмногу со **4** поени. Вкупниот успех од државната матура може да донесе најмногу **40** поени (**20** поени од двата екстерни предмети, **16** поени од двата интерни предмети и **4** поени од проектната задача).
**Бодирањето на екстерните предмети** се врши само на оние екстерни предмети што се наоѓаат на Листата на екстерни предмети, објавена во Прилог II кон Конкурсот. Пресметувањето на поените од положените екстерни предмети се врши така што оценките од екстерните предмети се собираат со вредноста на перцентилниот ранг поделен со 20. Добиените поени од двата екстерни предмети се собираат и по оваа основа може да се добијат најмногу 20 поени.
**Бодирањето на интерните предмети** се врши така што оценките што ученикот ги добил за полагање на интерни предмети се множат со коефициент 1,6 и за

секој интерен предмет може да се освојат најмногу 8 поени. Добиените поени за положените интерни предмети се собираат. Интерните предмети се бодираат само доколку се на Листата на интерни предмети, објавена во Прилог II кон Конкурсот. Доколку ученикот има полагано повеќе интерни предмети, тогаш се земаат двата предмети кои се наоѓаат на листата и за коишто ученикот добил највисоки оценки.
Оценката што ја добил ученикот за **проектната задача** се множи со коефициент 0,8 и за неа може да се добијат најмногу 4 поени.

**4.4. За кандидатите што положиле меѓународна матура** општиот успех по сите предмети во средното образование учествува со **60%**, а успехот постигнат на меѓународната матура со **40%** од вкупниот број на поени, којшто може да изнесува најмногу **100** поени.
**Бодирањето на успехот од средното образование на кандидатите што положиле меѓународна матура** се врши така што се собираат сите оценки внесени во свидетелствата од сите години, добиениот збир се дели со бројот на оценките и вака добиениот среден успех се множи со коефициент, така што производот може да изнесува најмногу **60 поени.**

**Бодирањето на успехот постигнат на меѓународната матура** се врши на следниов начин: секоја оценка од шесте екстерни предмети кои се полагаат на меѓународната матура се множи со коефициент **1,2**. Вака добиените производи се собираат. По оваа основа можат да се добијат најмногу **36** поени. Оценката добиена на матурската тема се множи со коефициент **0,8**. По оваа основа можат да се добијат најмногу **4** поени. Вкупниот успех од меѓународната матура може да донесе најмногу **40** поени.

**5**. Начинот на пресметување и вреднување на постигнатиот успех од претходното образование детално се регулираат со **Упатството за реализација на Конкурсот**.

**6. На Педагошкиот факултет - Битола** се врши **претходно оценување на психо-физичките способности** на пријавените кандидати за студирање. Оценувањето на кандидатите е елиминаторно.

**7. На единиците на коишто се реализираат студиски програми на англиски јазик** ќе се спроведе **претходна проверка на нивото на познавање на англискиот јазик** за пријавените кандидати на овие студиските програми.

**8.** За реализација на Конкурсот за запишување, наставно-научниот совет, односно наставничкиот совет на единиците на Универзитетот формира **конкурсна комисија**, а на Педагошкиот факултет - Битола и соодветна комисија за постапување во согласност со точката 6.
По исклучок, доколку единицата на Универзитетот, од објективни причини, не може да формира Конкурсна комисија, Конкурсната комисија за таа единица ја формира Ректорската управа на Универзитетот.

**9.** За следење на реализацијата на Конкурсот, Ректорската управа формира **Универзитетска конкурсна комисија.**
Универзитетската конкурсна комисија ја следи реализацијата на Конкурсот на единиците на Универзитетот, се грижи за доследно почитување на одредбите во Конкурсот, дава упатства и мислења во текот на неговото спроведување, укажува на одделни пропусти и грешки на конкурсните комисии на единиците на Универзитетот и слично.

Доколку во текот на реализацијата на Конкурсот, Универзитетската конкурсна комисија утврди дека постојат нарушувања на одредбите од Конкурсот во поглед на бројот на студентите, може да донесе Одлука за поништување на одлуките на конкурсните комисии на единиците на Универзитетот. Единиците на Универзитетот може да поднесат приговор на Одлуката на Универзитетската конкурсна комисија до Ректорската управа. Одлуката на Ректорската управа по приговорот е конечна.

**10. Рангирањето на кандидатите на единиците на Универзитетот го вршат конкурсните комисии на единиците**. Конкурсната комисија објавува, на огласната табла и на веб страницата на единицата на Универзитетот, **прелиминарна ранг-листа** на пријавените кандидати според поените од средното образование. Кандидатот има право на приговор до Конкурсната комисија во рок од **24** часа од објавувањето на прелиминарната ранг-листа. Приговорот се однесува само на технички пропусти - грешки направени при пресметувањето на бодовите од средното образование. Конкурсната комисија одлучува по приговорот во рок од 24 часа. Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла на единиците на Универзитетот. Доколку кандидатот не е задоволен од Одлуката на Конкурсната комисија, во рок од **24** часа по објавувањето на огласната табла, има право да поднесе втор приговор, којшто преку Конкурсната комисија се упатува до Управата на единицата на Универзитетот, а кај единиците кадешто Конкурсната комисија ја формирала Ректорската управа на Универзитетот, вториот приговор преку Конкурсната комисија се упатува до Универзитетската конкурсна комисија. Управата на единицата или Универзитетската конкурсна комисија одлучува по приговорот во рок од 24 часа. Решението на Управата, односно на Универзитетската конкурсна комисија по приговорот е конечно. Одлуките по приговорите се објавуваат на огласната табла на единицата на Универзитетот. По истекот на роковите за поднесување приговори и за нивно решавање, Конкурсната комисија на огласната табла и на веб страницата на единицата на Универзитетот објавува **решение за прием на студенти** (конечна ранг-листа), врз основа на што се врши запишување на студенти. Единицата на Универзитетот, истовремено, до Универзитетската комисија, го доставуваат решението на Конкурсната комисија за прием на студенти (конечната ранг-листа).
Селектираните кандидати на претходните психофизички проверки и тестови на Педагошкиот факултет – Битола, како и селектираните кандидати на претходните проверки на знаењето на англиски јазик, имаат право на приговор во рок од 24 часа по објавувањето на резултатите од оценувањето до соодветните комисии.

**11.** Примените кандидати се запишуваат како **редовни студенти финансирани од државата со партиципација на трошоците за студирање** и **редовни студенти со школарина за студирање.**
Доколку редовните студенти запишани во државната квота со партиципација на трошоците за студирање, без оправдани причини не ги исполнат условите утврдени со Законот за високо образование и актите на Универзитетот, ги поднесуваат трошоците за студирање во согласност со истиот Закон, Статутот на Универзитетот и Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола.
Студентите во државната квота се запишуваат со плаќање партиципација на трошоците за студирање, секоја студиска година одделно, во текот на целокупното студирање.

Износот на надоместокот се пресметува според средниот курс на Народната банка на РСМ и го одредува секоја единица на Универзитетот посебно.
Надоместокот за студирање на студентите е составен дел на овој Конкурс.
Плаќањето надоместок од претходниот став се врши според склучениот Договор со единиците на Универзитетот и истиот може да се плати во **две еднакви рати** и тоа едната при запишувањето, а другата пред почетокот на вториот семестар.

**12.** Бројот на **студенти припадници на безбедносните сили и други категории на лица,** утврдени со Законот за посебни права на припадниците на безбедносните сили на Република Македонија и на членовите на нивните семејства („Службен Весник на РМ" бр 2/02, 17/03, 30/04 и 66/07), кои **се запишуваат во посебна квота** на јавните високообразовни установи во состав на Универзитетот **(без поднесување на трошоци за студирање),** може да изнесува **најмногу 10%** од вкупниот број на студенти на ниво на студиска програма**.**
Правото од претходниот став кандидатите го докажуваат при пријавувањето, со документ (**Уверение**) издадено од Министерството за одбрана или од Министерството за внатрешни работи на Република Северна Македонија.

**13.** Реализацијата на Конкурсот ќе се одвива во **уписни рокови**, со тоа што во првиот уписен рок ќе се запишуваат сите пријавени кандидати кои ги исполнуваат предвидените услови, а доколку останат слободни непополнети места запишувањето ќе се врши во втор и трет уписен рок. **Универзитетот, по потреба, ќе спроведе и дополнителен рок**.

**14**. Доколку во првиот уписен рок при рангирањето на крајот од листата на примените кандидати има повеќе кандидати со еднаков број поени (најмногу пет) единицата на Универзитетот ги запишува сите вакви кандидати. Ако бројот на ваквите кандидати е поголем од пет, тогаш единиците на Универзитетот, овие кандидати ќе ги рангираат според дополнителни критериуми и тоа: соодветноста на изработената проектна задача при полагањето на државната матура, освоени награди на републички и меѓународни натпревари, добиени сертификати за познавање на странски јазици на повисоко ниво и сл. Овие дополнителни критериуми ги донесуваат факултетите, односно високата стручна школа на Универзитетот.

**15.** Ректорската управа донесува посебно **Упатство за реализација на Конкурсот.**

## III. ЗАПИШУВАЊЕ ВОНРЕДНИ СТУДЕНТИ

**1.** На единиците на Универзитетот како **вонредни студенти** можат да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат засновано работен однос, како и кандидати коишто од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.
За оправдани причини од претходниот став се сметаат:
- инвалид кој не е во состојба да следи редовна настава
- потешка долготрајна болест
- родител на дете додека трае породилното отсуство
- мајки со деца до шест годишна возраст.

**2.** Вонредните студенти се запишуваат според **исти услови и критериуми како и редовните студенти,** а се рангираат на посебна ранг-листа.

Вонредните студенти се запишуваат **со школарина за студирање како и студентите запишани во категоријата со школарина** на студиите од глава **IV** од Конкурсот.
Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот, утврден во глава **I** од Конкурсот, го плаќаат во **две еднакви рати,** и тоа едната при запишувањето, а другата пред почетокот на вториот семестар, во денарска противвредност, според средниот курс на Народната банка на РСМ на денот на плаќањето, согласно склучениот Договор со единицата на Универзитетот.

**3.** При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат: копија од Образец М1 и М2 заверена на нотар или лекарско уверение за причините назначени во точка 1 став 2 алинеа 1 и 2 (издадено од соодветна здравствена установа), доказ дека е родител на дете за кое сеуште трае правото на породилно отсуство или доказ дека е мајка на дете до шест годишна возраст.

## IV. ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ СО ШКОЛАРИНА ЗА СТУДИРАЊЕ

**1.** На единиците на Универзитетот, како редовни студенти се запишуваат и кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување, а поради ограничените квоти не можат да се запишат во категоријата студенти финансирани од државата. Запишувањето на оваа категорија студенти се врши со поднесување писмена изјава од страна на кандидатите дека се согласуваат целокупното студирање да го реализираат со школарина за студирање.
**2.** Студентите што се запишуваат во оваа категорија, износот утврден во глава **I** од Конкурсот го плаќаат во **две еднакви рати** и тоа едната при запишувањето, а другата пред почетокот на вториот семестар, во денарска противвредност според средниот курс на Народната банка на РСМ на денот на плаќањето, согласно склучениот Договор со единиците на Универзитетот.

**3.** Единицата на Универзитетот објавува ранг-листа на кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување во оваа категорија. Кандидатите кои се согласуваат да се запишат во оваа категорија студенти, поднесуваат изјава во рок од ***48*** часа по објавувањето на конечната ранг-листа.

Листата на примените кандидати од оваа категорија ја утврдува конкурсната комисија врз основа на ранг-листата и поднесените изјави за согласност за запишување во оваа категорија, и примерок од неа доставува до Ректоратот на Универзитетот.

Студентите со школарина за студирање при запишувањето склучуваат Договор со единицата на Универзитетот за меѓусебните права и обврски во остварувањето на наставно-образовниот процес.

**4.** На индексите на студентите не смее посебно да се обележува нивната припадност во овие категории.

## V. КАНДИДАТИ СО ЗАВРШЕНО СРЕДНО ОБРАЗОВАНИЕ ВО СТРАНСТВО

### а) Странски државјани

**1. Странските државјани** се пријавуваат во роковите утврдени за сите кандидати и се запишуваат надвор од квотите утврдени со Конкурсот. Бројот на

странските државјани - стипендисти на Владата на Република Северна Македонија го утврдува Министерството за образование и наука.

**2.** За странските државјани што се пријавуваат за студирање на Педагошкиот факултет - Битола се врши претходно оценување на психофизичките способности за студирање на овој факултет.

**3.** При пријавувањето, кандидатите наведуваат на која единица на Универзитетот сакаат да студираат, дали се стипендисти на Владата на РСМ или самостојно ги поднесуваат трошоците на студирањето. Со пријавата поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование или копија од потврдата издадена од Министерството за образвание и наука за започнување на постапката за нострификација, заверен превод на изводот од матичната книга на родените, копија од патна исправа, уверение за здравствената состојба издадено од соодветна здравствена станица, како и потврда за направен ХИВ тест и тест за хепатит Ц.

**4.** При пријавувањето кандидатите поднесуваат сертификат за познавање на македонскиот јазик издаден од Педагошки факултет – Битола.

За кандидатите кои го познаваат македонскиот јазик, а не поседуваат сертификат за познавање македонски јазик издаден од Педагошкиот факултет – Битола или поседуваат потврда за познавање македонски јазик издадена од други институции, се врши претходна проверка на нивото на познавање на македонскиот јазик на Педагошкиот факултет – Битола.

**5.** За кандидатите кои не го познаваат македонскиот јазик, Универзитетот „Св. Климент Охридски" – Битола организира подготвителна настава за изучување на македонскиот јазик на Педагошкиот факултет – Битола.
Подготвителната настава се организира во траење од еден или два семестра според програма наменета за изучување македонски јазик како странски.
Во текот на подготвителната настава се врши континуирана проверка на знаењето на кандидатите.

По успешното завршување на подготвителната настава и полагањето на завршниот испит, кандидатите добиваат сертификат за познавање на македонскиот јазик од Педагошкиот факултет – Битола и стекнуваат право на запишување во наредната академска година.

**6. Школарината за странските државјани** за академската 2020/2021 изнесува **1000 Евра, освен за Факултетот за туризам и угостителство - Охрид каде школарината за странските државјани** за академската 2020/2021 **изнесува 800 Евра.** Предвидениот износ странските државјани го плаќаат за секоја студиска година. Во оваа категорија студенти спаѓаат и студентите, странски државјани, чии родители или самите тие работат во дипломатските претставништва во Република Северна Македонија. Овие кандидати може да се запишуваат без плаќање школарина, доколку Министерството за образование и наука ги поднесува трошоците за нивното студирање.
Странските државјани кои се запишуваат на начин утврден во точка **1** и **3** од глава **V** го задржуваат истиот статус до дипломирањето.
Кандидатите **странски државјани се пријавуваат во Ректоратот** на Универзитетот „Св. Климент Охридски" во Битола, во роковите утврдени со Конкурсот.

**б) Иселеници и државјани на РСМ со завршено целокупно средно образование и со дел од средното образование во странство**

**1. Кандидатите чии родители се наши иселеници и кандидатите државјани на РСМ, кои целокупното или дел од средното образование го завршиле во**

**странство,** се запишуваат надвор од редовните конкурсни квоти (на Педагошкиот факултет - Битола се врши претходно оценување на психофизичките способности за студирање на овој факултет).

Во оваа квота можат да се запишат **најмногу до 10% од бројот на редовните студенти**.

Во рамките на оваа посебна квота, кандидатите кои освоиле бодови најмалку како и последниот примен кандидат со партиципација (државна квота) на соодветната единица, студиска група или насока, исто се запишуваат со плаќање на износот на партиципација за трошоците на студирање определен во глава **I.**

Кандидатите кои ќе освојат помалку поени од последниот примен кандидат со партиципација (државна квота) на соодветната единица, студиска група или насока, ќе се запишат со плаќање на надоместокот за школарина на трошоците за студирање. Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти, во зависност од единицата на Универзитетот, односно видот на студиите за една академска година изнесува како и за кандидатите од глава **IV.**

Кандидатите од точка 1, со пријавата, поднесуваат нострифицирано свидетелство за завршено средно образование, како и нострифицирани свидетелства за сите класови од средното образование завршени во странство или копија од потврдата издадена од Министерството за образование и наука за започнување на постапката за нострификација на дипломата и свидетелствата од средно образование.

**2**. **Кандидатите државјани на РСМ кои дел од средното образование завршиле во странство и кандидатите со завршена меѓународна матура**, се запишуваат под истите услови и критериуми како и кандидидатите со завршено средно образование во Република Северна Македонија, со тоа што покрај другите документи поднесуваат нострифицирани свидетелства за делот од средното образование завршен во странство односно завршената меѓународна матура или копија од потврдата издадена од Министерството за образвание и наука за започнување на постапката за нострификација на свидетелствата за тој дел од средното образование.

Кандидатите од првиот став се запишуваат надвор од редовните конкурсни квоти (на Педагошкиот факултет - Битола се врши претходно оценување на психофизичките способности за студирање на овој факултет).

Во оваа квота можат да се запишат **најмногу до 10% од бројот на редовните студенти**.

Во рамките на оваа посебна квота, кандидатите кои освоиле бодови најмалку како и последниот примен кандидат со партиципација (државна квота) на соодветната единица, студиска група или насока, исто се запишуваат со плаќање на износот на партиципација за трошоците на студирање определен во глава **I.**

Кандидатите кои ќе освојат помалку поени од последниот примен кандидат со партиципација (државна квота) на соодветната единица, студиска група или насока, ќе се запишат со плаќање на надоместокот за школарина. Надоместокот за студирање на оваа категорија студенти, во зависност од единицата на Универзитетот, односно видот на студиите за една академска година изнесува како и за кандидатите од глава **IV.**

Кандидатите **иселеници и државјани на РСМ со завршено целокупно средно образование во странство**, кандидатите **државјани на РСМ со завршен дел од средното образование во странство** и кандидатите со **завршена меѓународна матура** се пријавуваат **во Ректоратот** на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ во Битола, во роковите утврдени со Конкурсот.

**VI. ДОПОЛНИТЕЛНИ КВОТИ УТВРДЕНИ ОД ВЛАДАТА НА РСМ**
ЗАПИШУВАЊЕ СТУДЕНТИ ПРИПАДНИЦИ НА ЗАЕДНИЦИТЕ КОИ НЕ СЕ МНОЗИНСТВО ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
(Одлука за дополнителни квоти за запишување студенти припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија во прва година – прв циклус студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“ во Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2020/2021 година, бр. 44-4900/1 од 05.06.2020 година, („Службен Весник на РСМ“ бр. 162 од 16.05.2020 година)

**VII. По потреба ќе следи Дополнување на Конкурсот за запишување студенти во прва година на прв циклус студии на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ – Битола во академската 2020/2021 година**

**VIII. РОКОВИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ**
**Роковите за претходна проверка на знаењата на Педагошки факултет во Битола ги определува факултетот.**

Пријавувањето и запишувањето на кандидатите во првиот, вториот и третиот уписен рок на сите единици на Универзитетот, се врши во следниве термини:

| | **Прв уписен рок** | **Втор уписен рок** | **Трет уписен рок** |
|---|---|---|---|
| Пријавување на кандидатите | **27.08, 31.08 и 01.09.2020** | **14 и 15.09.2020** | **24.09.2020** |
| Претходна проверка на знаењата на англиски јазик* | **02.09.2020** | **16.09.2020** | **24.09.2020** |
| Објавување прелиминарна ранг-листа | **07.09.2020** | **17.09.2020** | **25.09.2020** |
| Објавување решение за прием на кандидатите | **09.09.2020** | **21.09.2020** | **28.09.2020** |
| Запишување на кандидатите | **10 и 11.09.2020** | **23.09.2020** | **30.09.2020** |

**За кандидатите кои се пријавуваат на студиски програми коишто се реализираат на англиски јазик.*

**Универзитетот, по потреба, ќе спроведе и дополнителен уписен рок.**

**IX. ДОКУМЕНТИ ЗА ПРИЈАВУВАЊЕ И ЗАПИШУВАЊЕ**
**Пред пријавувањето** во роковите утврдени со Конкурсот, секој заинтересиран кандидат **треба да се регистрира на www.upisi.uklo.edu.mk и да ја пополни електронската пријава од iKnow-системот.** Бројот којшто кандидатот автоматски го добил од системот за електронското пријавување треба да се внесе и во пријавата што се поднесува при пријавувањето за запишување.

При **пријавувањето** за запишување на единиците на Универзитетот, кандидатите ги поднесуваат следниве документи:
**1.** Пријава за запишување
**2.** Електронска пријава (од iKnow-системот)
**3.** Оригинални свидетелства од сите класови од средно образование
**4.** Оригинал документ: Диплома за завршено средно образование во учебната 2019/2020 година / Диплома за положена државна матура / Свидетелство за завршено средно образование

**5.** Извод од матичната книга на родените
**6.** Доказ за државјанство на РСМ (уверение или решение)
**7.** Кандидатите кои конкурираат за запишување како вонредни студенти ги поднесуваат освен горните и документите назначени во глава III, точка 3
**8.** Кандидатите кои конкурираат за запишување со завршено сродно високо или вишо образование поднесуваат соодветно уверение или диплома, а кандидатите во категоријата за паралелно студирање поднесувааат и соодветно уверение за статус на студент на сроден факултет, студиска група или насока
**9.** Кандидатите кои конкурираат по глава II точка 2 став 3 алинеа 1 и 4 поднесуваат и документ од Агенцијата за вработување на РСМ дека се невработени
**10.** Кандидатите кои конкурираат како странски државјани ги поднесуваат освен горните и документите назначени во глава V, точка 3 и 4
**11.** Потврда за уплатени **300 денари** на жиро сметка на факултетот – високата школа за манипулативни трошоци
**12.** Потврда за уплатени **50 денари** за административна такса

**Напомена:**
Кандидатите при пријавувањето на единицата на Универзитетот доставуваат:
- **документи од претходното образование во оригинална форма** (овие документи времено се задржуваат на единицата, а потоа му се враќаат на студентот),
- **незаверени копии од документите од претходното образование** (што остануваат во досието на студентот).

**При запишувањето во прва година на прв циклус судии**, примените кандидати поднесуваат:
**1.** индекс и студентска легитимација
**2.** три фотографии (2 – 3,5x4,5см. и 1 - 2x3см.)
**3.** пријавни листови
**4.** Потврда за уплатени **200 денари** наменски средства за културно-уметнички и други потреби на студентите, банка НБРСМ на трезорска сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник: 160010509678867, ЕДБ: 4002979132007, Приходно конто 723012, програма 42
**5.** Потврда за уплатени **300** денари за студентски гласила и за други потреби на студентите во наставно-образовниот процес, банка НБРСМ на трезорска сметка 100000000063095, сметка на буџетски корисник: 160010509678848, ЕДБ: 4002979132007, Приходно конто 723012, програма 42
**6.** Потврда за уплатени **1000 денари** за функционирање и развој на Универзитетот „Св. Климент Охридски“ - Битола, банка - НБРСМ на трезорска сметка: 100000000063095, сметка на буџетски корисник: 160010509678852, ЕДБ: 4002979132007, Приходно конто: 723012 Програма 42
**7.** Потврда за уплатени средства за партиципација или за школарина на жиро сметката на соодветната единица на Универзитетот.

**ПРИЛОГ I - Листа на екстерни и интерни предмети**
(за кандидати кои положиле државна матура во учебната 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 или 2018/2019 година)
**ПРИЛОГ II - Листа на екстерни и интерни предмети**
(за кандидати кои положиле државна матура пред учебната 2013/2014 година)

**Конкурсот е објавен на интернет страницата:**
**http://www.uklo.edu.mk**

# ПРИЛОГ I
## ЛИСТА НА ЕКСТЕРНИ И ИНТЕРНИ ПРЕДМЕТИ ОД ДРЖАВНАТА МАТУРА ОПРЕДЕЛЕНИ ОД ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
**(за кандидати кои положиле државна матура во учебната 2013/2014, 2014/2015, 2015/2016, 2016/2017, 2017/2018 или 2018/2019 година)**

| ЕДИНИЦА | СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | ЕКСТЕРНИ ПРЕДМЕТИ | ИНТЕРНИ ПРЕДМЕТИ |
|---|---|---|---|
| **Економски факултет - Прилеп** | | 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика/Странски јазик<br>*3. за гимназии:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Филозофија<br>*за стручни училишта:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Бизнис<br>__________<br>**ако кандидатот не го избрал предметот како втор екстерен предмет* | *(за гимназии)*<br>1. Географија<br>2. Филозофија<br>3. Социологија<br>4. Историја<br>5. Информатика<br>6. Македонски јазик и литература за учениците кои наставата ја следат на албански или турски јазик<br>(избор на еден предмет)<br><br>*(стручни училишта)*<br>Еден стручен предмет по избор од листата на стручни предмети за економско-правна и трговска струка или еден стручен предмет по избор од листата на останатите средни стручни училишта |
| **Факултет за биотехнички науки - Битола** | | 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика/Странски јазик<br>*3. за гимназии:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Филозофија<br>*за стручни училишта:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Бизнис<br>__________<br>**ако кандидатот не го избрал предметот како втор екстерен предмет* | *(за гимназии)*<br>1 општообразовен предмет од понудената листа на наставни предмети за гимназиско образование<br><br>*(за средно стручно)*<br>1 стручен наставен предмет од понудената листа на наставни предмети за средно стручно образование според образовниот профил на кандидатот |
| **Технички факултет - Битола** | | 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика/Странски јазик<br>3. *за гимназии:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика | *(за гимназии)*<br>Еден (1) општообразовен предмет од природно-математичка област по избор на кандидатот<br><br>*(за стручни училишта)*<br>Еден (1) стручен предмет по избор од листата на стручни предмети за техничка струка или еден (1) стручен предмет по избор од листата на останатите средни |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Биологија<br>- Историја<br>- Филозофија<br>*за стручни училишта:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Бизнис<br>________________<br>**ако кандидатот не го избрал предметот како втор екстерен предмет* | стручни училишта |
| **Педагошки факултет - Битола** | Наставник за одделенска настава | 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика/Странски јазик<br>3. *за гимназии:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Филозофија<br>*за стручни училишта:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Бизнис<br>________________<br>**ако кандидатот не го избрал предметот како втор екстерен предмет* | *(за гимназии)*<br>Еден (1) општообразовен наставен предмет по избор на кандидатот.<br>Проектна задача по предмет по избор на кандидатот.<br><br>*(за средно стручно)*<br>Еден стручен наставен предмет по избор на кандидатот.<br>Проектна задача по предмет по избор на кандидатот. |
| | Воспитувачи | | *(за гимназии)*<br>По избор на кандидатот еден (1) општообразовен предмет<br>Проектна задача по предмет по избор на кандидатот<br><br>*(за средно стручно)*<br>По избор на кандидатот еден (1) стручен наставен предмет<br>Проектна задача по предмет по избор на кандидатот |
| | Македонски и англиски јазик | 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика/Странски јазик<br>3. *за гимназии:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Филозофија<br>*за стручни училишта:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Бизнис<br>________________<br>**ако кандидатот не го избрал предметот како втор екстерен предмет* | *(за гимназии)*<br>Еден општообразовен наставен предмет по избор на кандидатот<br>Проектна задача по предмет по избор на кандидатот<br><br>*(за средно стручно)*<br>Еден стручен наставен предмет по избор на кандидатот<br>Проектна задача по предмет по избор на кандидатот |
| | Англиски јазик и книжевност | | |
| | Преведување (од македонски на англиски јазик и од англиски на македонски јазик) | | |
| | Социјална и рехабилитациска педагогија | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Информатика и техничко образование | 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика/Странски јазик<br>3. *за гимназии:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Филозофија<br>*за стручни училишта:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Бизнис<br>___<br>**ако кандидатот не го избрал предметот како втор екстерен предмет* | *(за гимназии)*<br>Еден општообразовен наставен предмет од природно-математичката област по избор на кандидатот<br>Проектна задача по предмет по избор на кандидатот<br><br>*(за средно стручно)*<br>Еден стручен наставен предмет според образовниот профил на кандидатот<br>Проектна задача по предмет по избор на кандидатот |
| **Факултет за туризам и угостителство - Охрид** | | 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика/Странски јазик<br>3. *за гимназии:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Филозофија<br>*за стручни училишта:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Бизнис<br>___<br>**ако кандидатот не го избрал предметот како втор екстерен предмет* | *(за гимназии)*<br>1. Географија<br>2. Социологија<br>3. Историја<br>4. Хемија<br>5. Информатика<br>6. Филозофија<br><br>*(за средно стручно)*<br>а) Општообразовни предмети<br>1. Историја<br>2. Географија<br>3. Право<br>4. Деловно работење<br>5. Сметководство<br>6. Агенциско работење<br>7. Хотелско работење |
| **Факултет за безбедност - Скопје** | | 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика/Странски јазик<br>3. *за гимназии:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Филозофија<br>*за стручни училишта:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика* | *(за гимназии)*<br>1. Социологија<br>2. Историја<br>3. Филозофија<br>4. Други предмети од областа на општествените науки<br><br>*(за средно стручно)*<br>Еден (1) стручен предмет од понудената листа на наставни предмети од средното стручно образование според образовниот профил на кандидатот |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Бизнис<br>_______________<br>*ако кандидатот не го избрал предметот како втор екстерен предмет* | |
| **Правен факултет - Кичево** | | 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика/Странски јазик<br>3. *за гимназии:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Филозофија<br>*за стручни училишта:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Бизнис<br>_______________<br>*ако кандидатот не го избрал предметот како втор екстерен предмет* | *(за гимназии)*<br>1. Социологија<br>2. Историја<br>3. Филозофија<br>4. Класични јазици<br><br>*(за средно стручно)*<br>Еден стручен предмет по избор на кандидатот според образовниот профил |
| **Технолошко-технички факултет – Велес** | | 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика/Странски јазик<br>3. *за гимназии:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Филозофија<br>*за стручни училишта:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Бизнис<br>_______________<br>*ако кандидатот не го избрал предметот како втор екстерен предмет* | *(за гимназии)*<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Информатика<br><br>*(за средни стручни)*<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Информатика<br>или еден (1) стручен предмет според образовниот профил на кандидатот |
| **Висока медицинска школа - Битола** | | 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика / Странски јазик<br>3. *за гимназии:*<br>избор од | *(за гимназии)*<br>Наставен предмет од листата на општообразовни предмети<br><br>*(за средно стручно)*<br>Наставен предмет од листата на стручни наставни премети од полето на фундаментална и клиничка медицина, |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | - Биологија<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Филозофија<br>*за средно стручно:*<br>избор од<br>- Биологија<br>- Физика<br>- Историја | здравствена нега и јавно здравство |
| **Ветеринарен факултет - Битола** | | 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика/Странски јазик<br>3. *за гимназии:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Филозофија<br>*за стручни училишта:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Историја<br>- Бизнис<br>___________________<br>**ако кандидатот не го избрал предметот како втор екстерен предмет* | *(за гимназии)*<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br><br>*(за средно стручно)*<br>1. Анатомија со физиологија на домашните животни<br>2. Микробиологија (со заразни болести, патологија)<br>3. Сточарство со исхрана на домашните животни<br>4. Паразитски и внатрешни болести<br>5. Сточарско производство<br>6. Микробиологија<br>7. Клиничка хемија<br>8. Аналитичка хемија<br>9. Прехранбена технологија<br>10. Храна и исхрана<br>11. Анализа на храна<br>12. Технологија на прехранбени производи<br>или еден стручен предмет според образовниот профил на кандидатот |
| **Факултет за информатички и комуникациски технологии – Битола** | | 1. Македонски јазик и литература или албански јазик и литература или турски јазик и литература<br>2. Математика/Странски јазик<br>3. *за гимназии:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Географија<br>- Историја<br><br>*за стручни училишта:*<br>- Странски јазик*<br>- Математика*<br>- Хемија<br>- Физика<br>- Биологија<br>- Географија<br>- Историја<br>- Претприемништво<br>- Менаџмент<br>- Економија<br>- Бизнис<br>______________________<br>**ако кандидатот не го избрал предметот како втор екстерен предмет* | *за гимназиско образование:*<br>Кој било предмет од областите информатика и компјутерска техника и информатика, математика, хемија, физика, биологија, географија или историја (ако не е избран како екстерен)<br><br>*за стручно образование:*<br>Кој било предмет од областите информатика и компјутерска техника и информатика, математика,физика,претприемништво, менаџмент, економија, бизнис (ако не е избран како екстерен) |

**Листите на екстерни и интерни предмети се дадени врз основа на одлуките на наставно-научните и наставничките совети на единиците, како и врз основа на заклучоците од седниците на Ректорската управа на Универзитетот**

# ПРИЛОГ II

## ЛИСТА НА ЕКСТЕРНИ И ИНТЕРНИ ПРЕДМЕТИ ОД ДРЖАВНАТА МАТУРА ОПРЕДЕЛЕНИ ОД ЕДИНИЦИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ „СВ. КЛИМЕНТ ОХРИДСКИ“ – БИТОЛА
**(за кандидати кои положиле државна матура пред учебната 2013/2014 година)**

**ПРЕДМЕТНИОТ МАЈЧИН ЈАЗИК Е ЗАДОЛЖИТЕЛЕН ЕКСТЕРЕН ПРЕДМЕТ ЗА СИТЕ КАНДИДАТИ**

| ЕДИНИЦА | СТУДИСКИ ПРОГРАМИ | ЕКСТЕРНИ ПРЕДМЕТИ | ИНТЕРНИ ПРЕДМЕТИ |
|---|---|---|---|
| **Економски факултет - Прилеп** | | Математика основно ниво / Странски јазик | *(за гимназии)*<br>1. Социологија<br>2. Информатика<br>3. Математика или странски јазик (оној предмет кој не е избран како екстерен)<br>4. Географија<br>5. Филозофија<br>6. Историја<br>(избор на два предмета)<br><br>*(стручни училишта)*<br>Општообразовни предмети:<br>1. Информатика<br>2. Бизнис<br>3. Математика или странски јазик (оној предмет кој не е избран како екстерен)<br>4. Историја<br>(избор на еден предмет)<br>5. Стручни предмети:<br>- еден стручен предмет по избор од листата на стручни предмети за економско-правна и трговска струка или еден стручен предмет по избор од листата на останатите средни стручни училишта |
| **Факултет за биотехнички науки - Битола** | | Математика основно ниво / Странски јазик | *(за гимназии)*<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Информатика<br>5. Математика / Странски јазик (оној предмет кој не е избран како екстерен)<br><br>*(за средно стручно)*<br>1 општообразовен предмет + 1 стручен предмет според образовниот профил на кандидатот |
| **Технички факултет - Битола** | | Математика основно ниво / Странски јазик | *(за гимназии)*<br>Два општообразовни предмети од природно-математичка област, по избор на кандидатот<br><br>*(за средно стручно)*<br>1 општообразовен предмет од природно-математичка област и 1 стручен предмет според образовниот профил на кандидатот |
| **Педагошки факултет - Битола** | Наставник за одделенска настава<br>Социјална и рехабилитациска педагогија<br>Англиски јазик и книжевност<br>Македонски јазик и книжевност | Математика основно ниво / Странски јазик | *(за гимназии)*<br>По избор на кандидатот 2 (два) општообразовни предмети<br><br>*(за средно стручно)*<br>1 општообразовен и 1 стручен предмет |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | Преведување (од македонски на англиски јазик и од англиски на македонски јазик) | | |
| | Воспитувач | | *(за гимназии)*<br>Уметност и по избор на кадидатот еден општообразовен предмет<br><br>*(за средно стручно)*<br>1 општообразовен и 1 стручен предмет |
| | Информатика и техничко образование | | *(за гимназии)*<br>Два општообразовни предмети од природно-математичката област по избор на кандидатот<br><br>*(за средно стручно)*<br>1 општообразовен предмет од природно-математичката област и 1 стручен предмет според образовниот профил на кандидатот |
| **Факултет за туризам и угостителство - Охрид** | | Математика основно ниво / Странски јазик | *(за гимназии)*<br>1. Математика<br>2. Странски јазик<br>3. Географија<br>4. Социологија<br>5. Историја<br>6. Хемија<br>7. Информатика<br>8. Филозофија<br><br>*(за средно стручно)*<br>а) Општообразовни предмети<br>1. Математика<br>2. Странски јазик<br>3. Историја<br>4. Географија<br>5. Бизнис<br>6. Хемија<br>7. Информатика<br>б) Стручни предмети<br>1. Економија<br>2. Право<br>3. Деловно работење<br>4. Сметководство<br>5. Агенциско работење<br>6. Хотелско работење |
| **Факултет за безбедност - Скопје** | | Математика основно ниво / Странски јазик | *(за гимназии)*<br>1. Социологија<br>2. Историја<br>3. Филозофија<br>4. Други предмети од областа на општествените науки<br><br>*(за средно стручно)*<br>Еден општообразовен предмет и Основи на правото или избор од листата на стручни предмети според образовниот профил на кандидатот |
| **Правен факултет - Кичево** | | Математика основно ниво / Странски јазик | *(за гимназии)*<br>1. Социологија<br>2. Историја<br>3. Филозофија<br>4. Класични јазици<br><br>*(за средно стручно)*<br>1. Историја<br>2. Еден стручен предмет по избор на кандидатот според образовниот профил |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **Технолошко-технички факултет - Велес** | | Математика основно ниво / Странски јазик | *(за гимназии)*<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Информатика<br>5. Математика / Странски јазик (оној предмет кој не е избран како екстерен)<br><br>*(за средни стручни)*<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Информатика<br>+ 1 стручен предмет според образовниот профил на кандидатот |
| **Висока медицинска школа - Битола** | | Математика основно ниво / Странски јазик | *(за гимназии)*<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br><br>*(за средно стручно)*<br>1. Билогија / Хемија / Физика<br>+ 1 стручен предмет според образовниот профил на кандидатот |
| **Ветеринарен факултет - Битола** | | Математика основно ниво / Странски јазик | *(за гимназии)*<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Информатика<br>5. Математика / Странски јазик (оној предмет кој не е избран како екстерен)<br>6. Класични јазици<br><br>*(за средно стручно)*<br>1. Биологија<br>2. Хемија<br>3. Физика<br>4. Математика<br>5. Странски јазик<br>6. Информатика или бизнис<br>+ еден стручен предмет според образовниот профил на кандидатот |
| **Факултет за информатички и комуникациски технологии – Битола** | | Математика основно ниво / странски јазик | *(за гимназии)*<br>1. Информатика<br>2. Математика или странски јазик (оној кој не е избран како екстерен)<br>3. Хемија, физика, биологија, географија или историја.<br><br>*(стручни училишта)*<br>1. Математика или странски јазик (оној кој не е избран како екстерен)<br>2. Кој било предмет од областите информатика и компјутерска техника и информатика, хемија, физика, биологија, менаџмент, бизнис, економија или претприемништво |

**Листите на екстерни и интерни предмети се дадени врз основа на одлуките на наставно-научните и наставничките совети на единиците, како и врз основа на заклучоците од седниците на Ректорската управа на Универзитетот**